
ОПШТИНА
РОСОМАН
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

ВИСТИНСКИОТ

# ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА РОСОМАН



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Јас сум Ѓорѓи Крстевски – сопруг на Марина и горд татко на едно дете. Моето семејство е мојата најголема инспирација, силата што ми дава енергија и причина да се борам за подобро утре за сите нас.

По образование сум дипломиран машински инженер на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, каде што дипломирав во 2011 година, а во 2014 година ја завршив и магистратурата по индустриски менаџмент. Моето професионално искуство започна во Општина Росоман, каде што од 2011 до 2022 година, во Одделението за локален економски развој, работев на проекти кои денес се реалност и придобивка за жителите. Од 2022 до 2024 година бев советник во Општина Неготино, а денес сум дел од Кабинетот на претседателот на Владата, проф. д-р Христијан Мицкоски, каде што заедно ги поставуваме темелите на едно ново време за нашата држава.

Денес пред вас стојам со јасна визија и со чесна намера: Росоман мора да чекори напред – со развој кој ќе значи подобар живот за сите. Верувам дека со работа, план и стратегија можеме да донесеме вистински промени, кои нема да останат само на зборови, туку ќе се чувствуваат во секое село, на секоја улица и во секое семејство.

Мојата цел е Росоман да биде место на еднакви можности – каде што младите ќе гледаат иднина, постарите ќе добијат заслужена грижа и почит, а земјоделците, работниците и бизнисмените ќе имаат услови за развој. Со нови идеи и конкретни проекти ќе ја изградиме иднината што сите ја посакуваме.

Ве повикувам да ми ја дадете довербата. Да покажеме дека Росоман може повеќе и заслужува повеќе. Време е за нов почеток, време е за развој, време е за промени.

Со почит,
Ѓорѓи Крстевски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Ангел Камчев – носител на советничка листа
2. Трајанка Ризова
3. Пене Александров Николиќ
4. Оливер Петров
5. Томче Настов
6. Рената Тасева
7. Стојна Кавазова
8. Даниела Ѓорѓиова
9. Горан Гинев



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Општината е темелната институција во која секој граѓанин очекува сигурност, стабилност и квалитетен живот. Затоа приоритетите што ги поставуваме не се декларативни, туку насочени кон конкретни области каде што граѓаните секојдневно ги чувствуваат потребите и предизвиците.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНА ОПШТИНА РОСОМАН

Ќе се формира посебен тим за одржување на зелените и парковските површини и ќе се воспостави систем за пријава и брза реакција при оштетувања на урбана опрема, паркови и зеленило. Дополнително, ќе се креира тим за раззеленување и сезонско разубавување на општината преку садење дрвја, цвеќиња и декоративни растенија. **Очекуван ефект:** Почиста и поуредена општина, зголемена еколошка свест и подобар квалитет на живот за сите жители. **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: ЗГРИЖУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА „ПРАСКИЧКА“

Ќе се отвори новиот дел од детската градинка „Праскичка“, ќе се изгради нова градинка во с. Сирково и ќе се вработи дополнителен воспитно-образовен кадар. **Очекуван ефект:** Поголем капацитет за згрижување на најмладите, подобар квалитет на воспитно-образовниот процес и олеснување на секојдневието на родителите. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

Ќе се реконструираат полските патишта до земјоделските насади, со што ќе се овозможи полесен пристап на земјоделците до нивните имоти и ќе се намалат транспортните трошоци. **Очекуван ефект:** Подобрена ефикасност на земјоделското производство, подобар пласман на културите и поголема конкурентност на локалните производи. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СО ПРОШИРУВАЊЕ НА ОПФАТИТЕ

Ќе се изработат нови урбанистички планови за населените места и ќе се прошират постојните опфати, како и урбанистичко уредување на просторот околу клучката кај с. Крушевица. **Очекуван ефект:** Создавање услови за правилен раст и развој на селата и градот, подобра инфраструктура, можности за нови инвестиции и зголемена економска активност. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: НОВ БАЗЕН И ЦЕВКОВОД ЗА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Ќе се изгради нов базен и цевковод за вода за пиење, со што конечно ќе се реши проблемот со водоснабдувањето во целата општина. **Очекуван ефект:** Сигурно и квалитетно снабдување со вода за домаќинствата и стопанските субјекти, подобрено јавно здравје и современи услови за живот. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: ЧИСТЕЊЕ И САНАЦИЈА НА ДИВИ ДЕПОНИИ

Во првите 100 дена ќе се исчистат и санираат сите диви депонии на територијата на општината. **Очекуван ефект:** Почиста животна средина, намалување на ризикот од загадување и создавање одговорно однесување кон природата. **Рок:** први 100 дена

## ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА ГРОБИШТАТА ВО РОСОМАН

Ќе се изврши проширување на постојните гробишта како еден од клучните проблеми со кои се соочуваат жителите на населеното место Росоман. **Очекуван ефект:** Долгорочно решавање на прашањето со просторниот капацитет на гробиштата и обезбедување достоинствено место за последен починок. **Рок:** 2026

Приоритет на ВМРО-ДПМНЕ се и ниските и рамни даноци. Општината нема да ги зголемува даноците, туку ќе ги зајакнува фискалните капацитети. Со поефикасна наплата на локалните даноци и такси ќе се обезбедат повеќе средства за проекти што директно ќе го подобрат животот. Наместо дополнителен товар за граѓаните, средствата ќе се насочуваат кон нови инвестиции.

- **Прво,** ќе се вложува во инфраструктурата како основа на секојдневието. Приоритет ќе бидат реконструкцијата на локалните улици, подобрувањето на тротоарите и јавните површини, поставување енергетски ефикасно улично осветлување и изградба на нови паркинг-простори. Инвестициите ќе се однесуваат и на патната мрежа во селата, со цел да нема разлика меѓу урбаните и руралните средини.
- **Второ,** општината ќе вложува во модерни и чисти јавни простори. Ќе се уредуваат паркови, игралишта и спортски зони, а напуштените простори ќе се претвораат во рекреативни катчиња. Овие инвестиции не само што ќе ја подобрат естетиката на општината, туку ќе создадат и нови места за дружење, спорт и култура.
- **Трето,** голем приоритет ќе биде образованието и младите. Сите училишта ќе се модернизираат со нова опрема, лаборатории и спортски сали. ќе се воведат програми за поддршка на ученици и студенти од социјално загрозени семејства, а наставниот кадар ќе добива постојана поддршка за професионален развој. Општината ќе создава услови младите да се чувствуваат ценети и да ја гледаат својата иднина овде.

- **Четврто**, ќе се работи на заштита на животната средина. Ќе се воведе систем за селекција и рециклирање на отпад, ќе се изградат центри за управување со отпад и ќе се модернизира канализационата и водоводната мрежа. Ќе се субвенционираат домаќинствата кои ќе инвестираат во соларни панели и ќе се продолжи процесот на гасификација. Општината ќе премине на 100% LED осветлување и ќе поттикнува циркуларна економија.
- **Петто**, дигитализацијата ќе биде основен инструмент за модерна општина. Ќе се развие е-општина со цел граѓаните да ги добиваат услугите побрзо и без непотребни редици. Ќе се воспостави систем на отворени податоци за целосна транспарентност и платформи за активно учество на граѓаните во донесувањето одлуки.
- **Шесто**, ќе се поттикнуваат спортот и културата како дел од идентитетот. Ќе се реконструираат спортски терени и ќе се градат нови во сите населби, ќе се поддржуваат локалните спортски клубови и ќе се организираат редовни турнири. Во културната сфера ќе се поддржуваат локалните културни друштва, ќе се организираат фестивали, изложби и манифестации кои ќе го збогатат животот на граѓаните и ќе го зајакнат културниот идентитет.
- **Седмо**, во социјалната сфера, општината ќе отвори домови и дневни центри за стари лица, дневни центри за лица со попреченост, програми за ментално здравје и советувалишта. Преку вакви политики ќе се покаже дека општината е блиску до секој човек, особено до оние на кои им е потребна најголема поддршка.

Со овие приоритети ќе изградиме општина која е стабилна, развиена и европска по стандард, но и човечка по односот кон луѓето. Општина што не дели, туку обединува. Општина која гради иднина со дела, а не со зборови.

Нашата цел е јасна: да изградиме општина во која секој граѓанин ќе сака да остане, да живее и да ја гледа својата иднина. Општина што ќе биде симбол на ред и развој, но и на заедништво и човечност. Овие приоритети се нашиот договор со граѓаните – ветување дека општината нема да биде извор на проблеми, туку двигател на решенија и нови можности. Со тоа ја поставуваме основата за општина што ќе биде модерна, европска и достоинствена – општина во која луѓето ќе веруваат и на која ќе бидат горди.

# ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛЕН ИНОВАЦИСКИ ФОНД И НАУЧНО-ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР

Ќе се формира локален иновациски фонд за млади претприемачи и ќе се креира научно-образовен центар кој ќе обезбедува поддршка за нови бизнис-идеи, стартапи и иновации. **Очекуван ефект:** Поттикнување на младите за претприемништво, отворање нови работни места и задржување на талентите во општината. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА МСП

Ќе се подобрат локалните услови за водење бизнис преку административна поддршка, намалување на бирократските пречки и создавање поволна бизнис-клима за малите и средните претпријатија. **Очекуван ефект:** Подобра конкурентност на локалните компании, нови можности за развој и зголемена економска активност. **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ

Ќе се изработи стратегија за привлекување странски инвестиции преку промоција на потенцијалите на Росоман, поврзување со инвеститори и креирање поволни услови за работа. **Очекуван ефект:** Поголем број странски вложувања, развој на нови капацитети и отворање нови работни места. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ПОДДРШКА НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО И МАЛИТЕ БИЗНИСИ

Ќе се обезбеди поддршка на локалните занаетчии и мали бизниси преку обуки, финансиски олеснувања и промотивни активности. **Очекуван ефект:** Зачувување и развој на традиционалните занаети, поголема економска динамика и зајакнување на локалната економија. **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: ИНДУСТРИСКА ЗОНА КАЛДРМА

Ќе се изгради и осовремени индустриската зона Калдрма со цел привлекување нови инвестиции и создавање современи услови за работа на бизнисите. **Очекуван ефект:** Развој на локалната економија, зголемен број компании и нови вработувања. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА

Ќе се реконструираат полските патишта до земјоделските насади за полесен пристап на земјоделците, намалување на транспортните трошоци и заштита на производите. **Очекуван ефект:** Ефикасно земјоделско производство и подобар пласман на културите. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Земјоделците навремено ќе се информираат за квалитетен посадочен материјал, најнови технологии, отворање пазари и можности за извоз. Ќе се организира нивно присуство на земјоделските саеми во Нови Сад, Пловдив и Солун. **Очекуван ефект:** Подобра информираност, поголема продуктивност и отворање нови пазарни можности. **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

Општината ќе поддржи формирање земјоделски задруги за подобрување на статусот на ситните земјоделци и нивниот пласман на пазарот. **Очекуван ефект:** Поголема конкурентност, организираност и стабилен развој на земјоделството. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛЕН ИНОВАЦИСКИ ФОНД „МЛАДИ СО ИДЕИ“

Општината ќе формира специјален фонд кој ќе обезбедува грантови и менторска поддршка за млади претприемачи, ученици и студенти кои имаат иновативни деловни идеи. Секој апликант ќе може да добие финансиска поддршка за стартап-бизнис, а дополнително ќе бидат организирани обуки за водење сметководство, маркетинг и дигитална продажба. Фондот ќе работи во партнерство со стопанските комори, локалните банки и невладини организации. **Очекуван ефект:** отворање нови мали компании, задржување на младите во општината, развој на економија заснована на знаење. **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: ЦЕНТАР ЗА ЗНАЕЊЕ И ПРАКТИЧНИ ВЕШТИНИ

Во општината ќе се отвори мултифункционален центар кој ќе ги поврзува средните училишта, факултетите и локалните компании. Центарот ќе нуди практични обуки за најбараните занимања (ИТ, дигитален маркетинг, електротехника, земјоделски технологии), како и програми за преквалификација на невработени. Дел од просторот ќе биде наменет за coworking и стартапи. **Очекуван ефект:** подобрена квалификација на младите, поголема конкурентност на работната сила, директна врска помеѓу образованието и бизнисот. **Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: БИЗНИС-ИНКУБАТОР „МОЈ БИЗНИС, МОЈА ОПШТИНА“

Општината ќе обезбеди објект со канцелариски простор, интернет, правна и сметководствена помош за новоформирани фирми. Инкубаторот ќе функционира како „едношалтерски систем“ каде што секој претприемач може да добие ментор, делов-

ни контакти и пристап до инвеститори. **Очекуван ефект:** создавање средина во која бизнисите лесно растат, намалување на административните бариери, намалување на невработеноста. **Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИИ

Ќе се изработи стратешки документ со анализа на потенцијалите на општината (земјоделство, туризам, индустрија, зелена енергија). Општината ќе создаде промотивни материјали на повеќе јазици и ќе организира „Инвестициски денови" на кои ќе се презентираат можностите пред странски и домашни инвеститори. Паралелно, ќе се работи на создавање индустриски зони со подготвена инфраструктура. **Очекуван ефект:** привлекување инвестиции, отворање нови работни места, подобрена инфраструктура. **Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: ЗАНАЕТЧИСКИ САЕМ „РАБОТНИ РАЦЕ – СИЛНАОПШТИНА"

Општината ќе воведе програма за поддршка на занаетчиите преку субвенции за алати и опрема, како и годишен саем каде што ќе можат да ги изложуваат своите производи. Ќе се воспостави и онлајн-платформа за промоција и продажба на занаетчиски производи, со можност за извоз на странски пазари. **Очекуван ефект:** заживување на традиционалните занаети, зголемување на локалната економија, промоција на културното наследство преку занаетчиство. **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: АГРО-БИЗНИС ОБУКИ

Во општината ќе се воспостави програма за обука и менторство на земјоделци и мали производители за користење модерни технологии во земјоделството, органско производство и дигитална продажба. Академијата ќе работи со експерти од земјата и странство и ќе обезбеди поврзување со пазарите. **Очекуван ефект:** модернизирање на земјоделството, зголемени приходи за производителите, извоз на локални производи. **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „ЗЕЛЕНА РАБОТИЛНИЦА" ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Формирање локален центар каде што младите инженери, занаетчии и претприемачи ќе можат да развиваат мали проекти за соларна енергија, биогас и енергетска ефикасност. Општината ќе дава субвенции за најдобрите идеи и ќе им помогне за нивна комерцијализација. **Очекуван ефект:** нови „зелени" работни места, намалување на енергетската зависност, еколошки развој. **Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „БАЗАР НА ЛОКАЛНИ ПРОИЗВОДИ"

Општината ќе организира месечни базари за промоција и продажба на локални земјоделски, занаетчиски и гастрономски производи. На базарите ќе учествуваат и локални ресторани, угостители и винари, со можност за вмрежување и нови деловни

договори. **Очекуван ефект:** директна заработка за локалните производители, јакнење на брендот на општината, туристичка атракција. **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „DIGITAL HUB – ОПШТИНА НА ИДНИНАТА"

Формирање дигитален центар во кој ќе се собираат стартапи и ученици/студенти кои работат на дигитални решенија. Центарот ќе обезбеди coworking-простор, брз интернет, ментори и пристап до фондови. **Очекуван ефект:** развој на локална дигитална економија, задржување на младите ИТ-кадри, интернационализација на стартапите. **Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: „ЖЕНИ ВО БИЗНИСОТ"

Општината ќе обезбеди поддршка за женско претприемништво преку обуки, грантови и олеснет пристап до кредити за мали семејни фирми и домашни бизниси. Ќе се организираат специјални програми за поврзување на жените со поголеми компании и пазари. **Очекуван ефект:** економско зајакнување на жените, отворање нови работни места, намалување на невработеноста. **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „СЕЛО СО БИЗНИС"

Општината ќе отвори програма за поддршка на претприемачки иницијативи во руралните средини (мали фарми, агротуризам, локални пекарници, мали фабрики за преработка на храна). Поддршката ќе биде во форма на грантови и техничка помош. **Очекуван ефект:** развој на руралните средини, намалување на иселувањето, нови извори на приходи. **Рок:** континуирано.


Lorem ipsum dolor sit amet

# ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

## ПРОЕКТ: „WI-FI ЗА СЕКОГО“

Општината ќе воспостави мрежа на бесплатни јавни Wi-Fi точки на клучни локации: плоштади, училишта, паркови, спортски терени и јавни институции. Со тоа ќе се обезбеди пристап до интернет за сите граѓани, особено за младите и учениците кои немаат постојан интернет дома. **Очекуван ефект:** дигитална еднаквост, подобрени услови за учење и информирање, поголема транспарентност и поврзаност на граѓаните. **Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: „ОПТИКА ДО СЕКОЈ ДОМ“

Во соработка со телекомуникациските оператори, општината ќе иницира проширување на оптичката мрежа до сите населени места, вклучително и руралните. Инфраструктурата ќе биде планирана така што ќе обезбеди стабилен интернет, подготвен за дигитална економија и образовни потреби. **Очекуван ефект:** еднаков пристап до брз интернет за сите граѓани, зголемена конкурентност на локалните компании, привлекување нови инвеститори. **Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ – ТРАНСПАРЕНТНА ОПШТИНА“

Воспоставување open data систем каде што сите општински податоци (буџет, јавни набавки, трошоци, урбанистички планови) ќе бидат јавно достапни преку онлајн-платформа. Секој граѓанин ќе може лесно да провери каде се трошат парите и како се донесуваат одлуките. **Очекуван ефект:** поголема доверба во општинската администрација, намалување на корупцијата, учество на граѓаните во креирањето на политики. **Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „ТВОЈ ДОКУМЕНТ – НАША РАБОТА“

Воведување дигитална платформа за општински услуги, со можност граѓаните да аплицираат за документи (изводи, дозволи, уверенија) од дома, без редици и чекање. Администрацијата ќе има обврска да ги издаде документите во точно дефиниран рок, а граѓанинот ќе може да го следи статусот онлајн. **Очекуван ефект:** заштеда на време и трошоци за граѓаните, ефикасна администрација, поголема транспарентност. **Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: „ТИ СИ ДЕЛ ОД ПРОЦЕСОТ“

Создавање дигитална платформа за вклучување на граѓаните во донесување одлуки: онлајн-анкети, јавни консултации, предлагање идеи и гласање за локални приоритети. Платформата ќе биде достапна и преку мобилна апликација. **Очекуван ефект:** активно граѓанско учество, донесување политики според реалните потреби, развој на демократска култура. **Рок:** континуирано.



# МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

## ПРОЕКТ: ПЕШАЧКА ПАТЕКА КАЈ СТАДИОНОТ ВО РОСОМАН

Ќе се изгради нова пешачка патека во близина на спортскиот стадион. **Очекуван ефект:** Безбедно движење на пешаците, подобри услови за рекреација и уреден јавен простор. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: АСФАЛТИРАН ПАТ РОСОМАН – МАНАСТИРЕЦ

Ќе се изгради асфалтиран пат кој ќе го поврзе Росоман со Манастирец покрај Црна Река. **Очекуван ефект:** Подобрена патна поврзаност, полесен пристап за жителите и развој на руралниот туризам. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: СТОЈАЛИШТЕ ЗА ТАКСИ-ВОЗИЛА

Ќе се изгради современо стојалиште за такси-возила во централното градско подрачје. **Очекуван ефект:** Организиран јавен превоз, подобра мобилност и уреденост на сообраќајот. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ

Ќе се реконструираат автобуските постојки и ќе се вгради ИТ-опрема за информации во реално време. **Очекуван ефект:** Зголемена удобност за патниците и модерен јавен превоз. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: СООБРАЌАЈНА БЕЗБЕДНОСТ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ПОДРАЧЈЕ

Ќе се постават столбови за ограничување на движењето на пешаците и возилата во центарот на Росоман и на улица „Маршал Тито“. **Очекуван ефект:** Зголемена безбедност на пешаците и регулиран сообраќај. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛЕН ПАТ КРУШЕВИЦА – ДОЛНО ЧИЧЕВО

Ќе се изгради локален пат за подобро поврзување на селото Крушевица со останатите населени места. **Очекуван ефект:** Полесен пристап за жителите и подобрена економска активност. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА НОВ ПАТ ДО ЕКСПРЕСНИОТ ПАТ ГРАДСКО–ПРИЛЕП

Ќе се изработи проектна документација за нов пат кој ќе се приклучува на експресниот пат кај Крушевица. **Очекуван ефект:** Модерна патна поврзаност и зголемена атрактивност за инвеститори. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: СООБРАЌАЈНО УРЕДУВАЊЕ НА РАСКРСНИЦА КАЈ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД

Ќе се уреди раскрсницата кај техничкиот преглед во Росоман со ново сообраќајно решение. **Очекуван ефект:** Зголемена безбедност и поефикасно регулирање на сообраќајот. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ВО С. МАНАСТИРЕЦ

Ќе се постави патна сигнализација на преминот на пругата во село Манастирец. **Очекуван ефект:** Поголема безбедност во сообраќајот и намалување на ризик од несреќи. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО СЕЛАТА

Ќе се изврши проширување на локалните патишта: Манастирец, Сирково, Паликура, Трстеник, Камен Дол, Рибарци, Дебриште, Мрзен и други локации. **Очекуван ефект:** Подобра патна инфраструктура, побрз транспорт и подобри услови за секојдневието и економијата. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: ПОВРЗУВАЊЕ СО ФАБРИКАТА „СКОК ТРЕЈД“

Ќе се изгради асфалтен пристапен пат од Росоман до фабриката „Скок Трејд“. **Очекуван ефект:** Подобра индустриска поврзаност, полесен транспорт на стоки и поддршка за локалната економија. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА ОШТЕТЕНИ УЛИЦИ

Ќе се изврши комплетна санација на оштетените улици во соработка со месните заедници. **Очекуван ефект:** Подобрени услови за движење и безбедност во сите населени места. **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: НОВ БАЗЕН ЗА ВОДА ВО РОСОМАН

Ќе се изгради нов базен за вода независен од Лукар. **Очекуван ефект:** Постојано и квалитетно водоснабдување за граѓаните на Росоман. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОД ВО С. МАНАСТИРЕЦ

Ќе се реконструира водоводниот систем во Манастирец. **Очекуван ефект:** Стабилно водоснабдување и подобар квалитет на живот за жителите. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОД ВО С. СИРКОВО

Ќе се реконструира водоводниот систем во Сирково. **Очекуван ефект:** Подобрен капацитет и квалитет на снабдување со вода. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОД ВО С. РОСОМАН

Ќе се реконструира водоводниот систем во Росоман. **Очекуван ефект:** Сигурно снабдување со вода за сите жители и стопански капацитети. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: ДОВОД ЗА ВОДА ВО С. КРУШЕВИЦА

Ќе се изгради нов довод за вода за жителите на Крушевица. **Очекуван ефект:** Решавање на долгогодишниот проблем со недостиг на вода. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА С. ПАЛИКУРА

Ќе се изнајде трајно решение за водоснабдувањето на селото Паликура. **Очекуван ефект:** Континуирано снабдување со вода и подобрен животен стандард. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: САНАЦИЈА НА БАЗЕН ЗА ВОДА ВО С. ТРСТЕНИК

Ќе се огради и затвори постојниот базен за вода во Трстеник. **Очекуван ефект:** Заштита од загадување и сигурен воден капацитет за селото. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА БАЗЕН ЗА ВОДА ВО С. КАМЕН ДОЛ

Ќе се прошири постојниот базен за вода во Камен Дол. **Очекуван ефект:** Зголемен капацитет и стабилно снабдување со вода за жителите. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДОВОДНА МРЕЖА ВО С. ДЕБРИШТЕ

Ќе се реконструира доводната мрежа во село Дебриште. **Очекуван ефект:** Сигурно и континуирано водоснабдување за жителите. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ОБНОВУВАЊЕ НА СЕЛСКА ЧЕШМА ВО С. РИБАРЦИ

Ќе се обнови традиционалната селска чешма во Рибарци. **Очекуван ефект:** Зачувување на традицијата и дополнителен извор на вода за жителите. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА БАЗЕН ЗА ВОДА ВО С. МРЗЕН

Ќе се прошири постојниот базен за вода и ќе се постави нова пумпа. **Очекуван ефект:** Зголемен капацитет, стабилно снабдување и долгорочна сигурност на водоснабдувањето. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: „РЕГИОНАЛНА ПАТНА МРЕЖА – СИТЕ ПАТИШТА ВОДАТ ДО МОЈАТА ОПШТИНА“

Општината, во соработка со државата, ќе инвестира во реконструкција и проширување на регионалните патишта кои ја поврзуваат со соседните општини и градови. Ќе се воведе систем за редовно одржување и зимска служба за побезбедно движење. **Очекуван ефект:** побрз транспорт на луѓе и стоки, подобрена поврзаност на локалните производители со пазарите, намалување на сообраќајни несреќи. **Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „УРБАНА МОБИЛНОСТ ЗА СИТЕ“

Воведување еколошки јавен превоз – електрични минибуси кои ќе сообраќаат на релации меѓу населбите и центарот на општината. Дополнително, ќе се воведе дигитална апликација за следење на возниот ред во реално време. **Очекуван ефект:** на-

малување на загадувањето, поевтин и достапен превоз за граѓаните, современ систем на мобилност. **Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: „ВЕЛОПАТИШТА И ЗЕЛЕНИ КОРИДОРИ"

Изградба на велосипедски патеки кои ќе ги поврзат клучните делови на општината (училишта, јавни институции, центар, спортски терени). Ќе се засадуваат зелени појаси долж патеките и ќе се постави улично LED-осветлување за безбедност. **Очекуван ефект:** промоција на здрав живот, намалување на употребата на автомобили, подобра животна средина. **Рок:** 2027.

## ➤ ПРОЕКТ: „УРБАНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ"

Претворање на запуштени површини во модерни јавни паркови, детски игралишта и фитнес-зони на отворено. Во секоја населба ќе се обезбеди најмалку едно рекреативно катче достапно за сите генерации. **Очекуван ефект:** поквалитетен живот на граѓаните, здрави навики, социјална интеграција на младите и семејствата. **Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: „ПАМЕТНО УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ"

Изработка на нови урбанистички планови кои ќе ги следат принципите на одржливост и европски стандарди – енергетски ефикасни згради, зелени кровови, повеќе пешачки зони. Ќе се воспостави јавна дигитална база на урбанистички планови достапна за секој граѓанин. **Очекуван ефект:** порамномерна и планска урбанизација, транспарентност во урбанизмот, подобра средина за живеење. **Рок:** 2027.

## ➤ ПРОЕКТ: „ИНФРАСТРУКТУРА ЗА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ"

Реконструкција на локалните патишта и улички во селата, поставување улично осветлување и подобрување на канализационата и водоводната мрежа. **Очекуван ефект:** намалување на разликите меѓу руралните и урбаните средини, подобри услови за живот во селата, спречување на иселувањето. **Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: „ЗЕЛЕНИ СТАНБЕНИ ЖИВЕАЛИШТА"

Поддршка за изградба на нови домови според концептот „зелена архитектура" – енергетска ефикасност, соларни панели, системи за собирање дождовница и рециклирање на отпад. **Очекуван ефект:** намалени трошоци за домаќинствата, модерни и здрави услови за живеење, европски изглед на општината. **Рок:** 2028.



# ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

## ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКИ СТАБИЛНО И СОВРЕМЕНО ЈКПД РОСОМАН

ЈКПД Росоман ќе се развива како финансиски стабилно, еколошки ориентирано и технолошки современо претпријатие кое ќе ја подобри секојдневната услуга за граѓаните. **Очекуван ефект:** Поголема ефикасност, подобри услуги и задоволни граѓани. **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: НОВА ЗГРАДА НА ЈКПД РОСОМАН

Ќе се изгради нова зграда на ЈКПД со гаражни простории, работни простории и административен дел, во чиј склоп ќе биде сместено и одделение за противпожарна заштита. **Очекуван ефект:** Подобрена функционалност на претпријатието и побрза реакција при интервенции. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: НОВА ЦИСТЕРНА ЗА ЈКПД

Ќе се набави цистерна за работа под висок притисок за перење на улиците и санација на запушени канализации. **Очекуван ефект:** Почисти улици, побрзо решавање на комунални проблеми и подобрени услови за живеење. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА УСЛУГИТЕ

Ќе се воведат онлајн-плаќање на сметки и апликација за пријавување дефекти и поплаки. **Очекуван ефект:** Поголема транспарентност, полесен пристап до услуги и зголемена доверба кај граѓаните. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: НОВИ КАНТИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД

Ќе се поставаат нови канти за примарна селекција на отпад. **Очекуван ефект:** Подобра заштита на животната средина, зголемено рециклирање и уреденост на јавните простори. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ПРЕСТРУКТУРИРАЊЕ НА ЈКПД

Ќе се преструктурира организацијата на ЈКПД за поефикасно работење, при што секој вработен ќе има јасно дефинирани работни задачи. **Очекуван ефект:** Подобра продуктивност, јасни одговорности и модерно управување со ресурси. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: БЕНЕФИЦИРАН СТАЖ ЗА РАБОТНИЦИТЕ

Ќе се воведе бенефициран стаж за работниците кои ги исполнуваат законските услови. **Очекуван ефект:** Поголема заштита и сигурност за вработените и подобрување на условите за работа. **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ

Ќе се зголемат платите на вработените во ЈКПД за 12.000 денари во првиот мандат. **Очекуван ефект:** Подобрена мотивација, задржување на кадарот и поголема ефикасност. **Рок:** 2028

## ПРОЕКТ: СТАБИЛНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Ќе се обезбеди стабилно и континуирано водоснабдување во сите населени места. **Очекуван ефект:** Решавање на долгогодишни проблеми со водата и подобрен животен стандард. **Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: НОВА МЕХАНИЗАЦИЈА ЗА ХИГИЕНА

Ќе се набави нова функционална механизација за одржување на хигиената на улиците. **Очекуван ефект:** Почиста општина, подобри услови за живеење и поефикасно работење на ЈКПД. **Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Ќе се зголемат и редовно ќе се одржуваат зелените површини во Росоман. **Очекуван ефект:** Поубава и поздрава средина, развој на еколошка свест кај граѓаните. **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: АКТИВНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА

Ќе се организираат јавни расправи со учество на граѓаните при носење важни одлуки, едукативни кампањи за правилно користење на услугите и одржување хигиена, како и волонтерски акции со училишта, НВО и локални здруженија. **Очекуван ефект:** Поголема транспарентност, одговорност и социјална вклученост. **Рок:** континуирано

## ПРОЕКТ: АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ЕУ И ДРЖАВНИ ФОНДОВИ

Ќе се аплицира за европски и државни фондови за финансирање инфраструктурни и еколошки проекти. **Очекуван ефект:** Поголема финансиска стабилност на ЈКПД, реализација на нови проекти и подобрување на услугите. **Рок:** континуирано



# МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

## ➤ ПРОЕКТ: МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСТРУКТУРА

Ќе се изврши целосна модернизација на сите училишта во општина Росоман согласно европските стандарди, со реконструкција на простории и подобрување на условите за учење. **Очекуван ефект:** Современа инфраструктура, поквалитетен воспитно-образовен процес и зголемена мотивација кај учениците. **Рок:** 2027

## ➤ ПРОЕКТ: ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Ќе се доделуваат стипендии за ученици и студенти од социјално загрозени семејства. **Очекуван ефект:** Поддршка на ранливите категории, еднаков пристап до образование и намалување на социјалната нееднаквост. **Рок:** континуирано

## ➤ ПРОЕКТ: ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР

Ќе се инвестира во наставниот кадар преку обуки, стручни усовршувања и програми за професионален развој. **Очекуван ефект:** Повисок квалитет на наставата, современи методи на предавање и подобри резултати кај учениците. **Рок:** континуирано

## ➤ ПРОЕКТ: ДЕТСКИ ПАРК СО ТЕРЕТАНА НА ОТВОРЕНО

Ќе се пренамени постојното неупотребливо тениско игралиште во современ детски парк со реквизити и теретана на отворено. **Очекуван ефект:** Создавање простор за игра, спорт и рекреација за деца и млади, подобрено здравје и социјализација. **Рок:** 2026

## ➤ ПРОЕКТ: ТАБЛЕТИ И НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА

Ќе се доделуваат таблети и нагледни средства за најдобрите ученици и за оние од социјално загрозените семејства. **Очекуван ефект:** Поттик за учење, зголемена дигитална писменост и намалување на дигиталниот јаз. **Рок:** континуирано

## ➤ ПРОЕКТ: БЕСПЛАТНИ НАУЧНИ ЕКСКУРЗИИ

Ќе се организираат бесплатни научни екскурзии за учениците во ООУ „Пере Тошев“. **Очекуван ефект:** Проширување на знаењата надвор од училницата, практична едукација и поттикнување љубопитност кај младите. **Рок:** континуирано

## ➤ ПРОЕКТ: ОПРЕМУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА И КАБИНЕТИТЕ

Ќе се набави нова опрема за училиштата и кабинетите – лабораториска, информатичка и нагледни средства. **Очекуван ефект:** Подобрени услови за практична и креатив-

на настава, зголемена продуктивност во образовниот процес. **Рок:** 2026

### ПРОЕКТ: SMART-ТАБЛИ ВО СЕКОЈА УЧИЛНИЦА

Ќе се постават smart-табли во сите училници во основните училишта во општината. **Очекуван ефект:** Интерактивна и поефикасна настава, модернизација на процесот и подобрена мотивација на учениците. **Рок:** 2027

### ПРОЕКТ: МАЛИ БИБЛИОТЕКИ ВО ПОДРАЧНИТЕ УЧИЛИШТА

Ќе се формираат библиотеки со лектири, енциклопедии, речници и други книги во сите подрачни училишта. **Очекуван ефект:** Подобрен пристап до литература, поттикнување на навика за читање и збогатување на знаењето. **Рок:** 2026

### ПРОЕКТ: Уредување на училишни дворови

Ќе се уредат училишните дворови со клупи за одмор, зелени површини и соодветна урбана опрема.

**Очекуван ефект:** Пријатна средина за учениците, подобри услови за престој и дружење.

**Рок:** 2026

### ПРОЕКТ: Опрема за дневен престој

Ќе се набават нови столчиња, масички, компјутери, нагледни средства и телевизори за дневниот престој во училиштата.

**Очекуван ефект:** Подобрување на удобноста и условите за престој и учење на учениците.

**Рок:** 2026

### ПРОЕКТ: „Училиште по европски стандарди"

Модернизација на сите основни и средни училишта со нова училничка опрема, паметни табли, лаборатории за природни науки и информатика, како и спортски сали. Општината ќе обезбеди редовно одржување и енергетска ефикасност на објектите.

**Очекуван ефект:** Поквалитетно образование, подобрени услови за учење, конкурентност со европските стандарди.

**Рок:** 2027

### ПРОЕКТ: „Стипендии за социјална еднаквост"

Формирање општински фонд за стипендии за ученици и студенти од социјално загрозени семејства, како и за талентирани ученици во науката, уметноста и спортот.

**Очекуван ефект:** Еднаков пристап до образование за сите, поддршка за најсиромашните, развој на талентите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Наставник на иднината“

Инвестиции во континуирана едукација и професионален развој на наставниците преку обуки, студиски посети во ЕУ и програми за усовршување во нови наставни методологии.

**Очекуван ефект:** Мотивирани и компетентни наставници, повисок квалитет на наставата, подготвеност за современи предизвици.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Училиште со срце“

Воведување психолошка поддршка и советувалишта во училиштата, со тимови кои ќе работат со учениците на теми како ментално здравје, превенција од насилство и дигитална безбедност.

**Очекуван ефект:** Безбедна и здрава средина за децата, превенција на негативни појави, поддршка за родители и наставници.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: „Училиштен двор како рекреативен парк“

Реконструкција на училишните дворови со модерни игралишта, спортски терени и зелени површини, достапни и за граѓаните во попладневните часови.

**Очекуван ефект:** Повеќе простор за спорт и рекреација, поголема социјална поврзаност во заедницата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Училишна кујна со здрава храна“

Воведување модерни училишни кујни и програма за здрава исхрана. Ќе се користат локални производи за да се поттикне домашното земјоделство.

**Очекуван ефект:** Подобрено здравје на децата, едукација за здрави навики, поттик за локалните земјоделци.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „Училишна транспарентност“

Секое училиште ќе има своја веб-платформа со објавени наставни програми, активности, финансиски извештаи и комуникација со родителите.

**Очекуван ефект:** Транспарентност во работењето на училиштата, поголема доверба на родителите, активно учество на заедницата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Енергетски ефикасни училишта“

Реконструкција на општинските училишта со замена на старата столарија, поставу-

вање термоизолација, соларни панели и ЛЕД-осветлување. Општината ќе користи европски фондови и јавни повици за финансирање.

**Очекуван ефект:** Намалени трошоци за енергија, подобра еколошка свест кај учениците, подобрени услови за учење.

**Рок:** 2027.

### ПРОЕКТ: „Општински фонд за образовни проекти“

Општината ќе отвори фонд на кој училиштата ќе можат да аплицираат со свои мали проекти – на пример, опремување училници, спортски активности, културни манифестации или дигитални иновации. Средствата ќе се распределуваат транспарентно преку јавни повици.

**Очекуван ефект:** Зголемена иницијативност кај училиштата, подобрени образовни услови според реалните потреби на учениците.

**Рок:** континуирано.

## Безбедност

### ПРОЕКТ: Обновување на пешачки премини

Ќе се обноват пешачките премини и ќе се постави дополнителна светлосна сигнализација.

**Очекуван ефект:** Зголемена безбедност на пешаците и намалување на сообраќајни несреќи.

**Рок:** 2026

### ПРОЕКТ: Лежечки светлечки полицајци

Ќе се постават лежечки светлечки полицајци на критични локации.

**Очекуван ефект:** Намалување на брзото возење и подобрување на безбедноста на сообраќајот.

**Рок:** 2026

Проект: Брзинометри со камери

Ќе се постават брзинометри со камери на критични точки.

**Очекуван ефект:** Поголема контрола на сообраќајот, дисциплинирање на возачите и намалување на прекршоците.

**Рок:** 2026

### ПРОЕКТ: Сообраќајни знаци за ограничување на брзина

Ќе се постават нови сообраќајни знаци за ограничување на брзината на клучни делници.

**Очекуван ефект:** Подобрена регулација на сообраќајот и намалување на ризик од несреќи.

**Рок:** 2026

## ➤ ПРОЕКТ: Нов приклучок на влезот во Росоман

Ќе се изгради нов приклучок на влезот во Росоман.

**Очекуван ефект:** Подобрен проток на возила, побезбеден сообраќај и современ изглед на влезот во општината.

**Рок:** 2027

## ➤ ПРОЕКТ: Работилници за сообраќајна безбедност

Ќе се организираат работилници во ООУ „Пере Тошев" секои три месеци за ученици од VIII и IX одделение.

**Очекуван ефект:** Подигнување на свеста кај младите за сообраќајна култура и безбедност.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: Едукативна кампања со МВР

Ќе се спроведе кампања за сообраќајна безбедност во соработка со МВР.

**Очекуван ефект:** Подобрена сообраќајна култура и намалување на бројот на прекршоци.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: Отворање на одделение на Полициска станица

Ќе се отвори одделение на полиција на територијата на Росоман.

**Очекуван ефект:** Поголема безбедност, побрза интервенција и зголемена доверба на граѓаните.

**Рок:** 2026

Проект: Видео-надзор на критични точки

Ќе се воспостави систем за видео-надзор на клучни јавни локации.

**Очекуван ефект:** Намалување на криминалот, превенција и подобра заштита на јавниот ред.

**Рок:** 2026

## ➤ ПРОЕКТ: Засилена патролна контрола

Ќе се воведе засилено полициско патролирање низ општината.

**Очекуван ефект:** Поголема видливост на полицијата и чувство на сигурност кај граѓаните.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Совет за безбедност

Ќе се оформи Совет за безбедност со 5 члена во рамките на локалната самоуправа, кој ќе предлага мерки и ќе соработува со МВР и други институции.

**Очекуван ефект:** Координирано делување, навремено решавање на проблемите и зголемена превенција.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Мобилна апликација за пријава на проблеми

Ќе се развие мобилна апликација преку која граѓаните ќе можат директно да пријавуваат проблеми и ризици.

**Очекуван ефект:** Поголема транспарентност, брзо реагирање на институциите и активна вклученост на граѓаните.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Јавни дебати со граѓаните

Ќе се организираат јавни дебати со жителите за нотирање на слабости кои можат да бидат причинители за криминогено однесување.

**Очекуван ефект:** Активна улога на граѓаните во превенција, доверба и заедничко решавање на безбедносните предизвици.

**Рок:** континуирано.

# ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

## ПРОЕКТ: „ЕУ Инфо центар во мојата општина“

Формирање локален информативен центар за ЕУ кој ќе обезбедува информации за европските програми, фондови и можности за финансирање. Центарот ќе биде отворен за граѓани, компании, училишта и невладини организации.

**Очекуван ефект:** Подобрена информираност на граѓаните, зголемен број апликации за ЕУ-фондови, поголема интеграција на општината со европските текови.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: „Општина со европски вредности“

Воведување европски практики во работата на општинската администрација – транспарентност, отчетност, јавни консултации и учество на граѓаните во креирање политики. Ќе се применуваат европски кодекси за добро управување.

**Очекуван ефект:** Поефикасна и транспарентна администрација, поголема доверба на граѓаните во институциите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Граѓански организации за европска иднина“

Општината ќе поддржува локални невладини организации со мали грантови и обуки за подготовка на европски проекти. Ќе се организираат работилници за пишување апликации за Erasmus+, Horizon и други ЕУ-програми.

**Очекуван ефект:** Јакнење на граѓанскиот сектор, зголемен број успешни ЕУ-проекти, директни придобивки за младите и граѓаните.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Партнерство со општини од ЕУ“

Општината ќе воспостави пријателства и партнерства со општини од земјите членки на ЕУ преку т.н. „twinning“ програми. Ќе се реализираат заеднички проекти во областа на културата, туризмот, образованието и животната средина.

**Очекуван ефект:** Размена на искуства, модерни практики во локалното управување, нови можности за граѓаните (ученички размени, културни настани, заеднички европски проекти).

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „Европски денови во мојата општина“

Организација на годишна манифестација со културни, едукативни и спортски настани посветени на европските вредности – работилници за младите, проекции на европски филмови, изложби и дебати со амбасадори и европски експерти.

**Очекуван ефект:** Приближување на европските вредности до граѓаните, зголемена свест за европската перспектива, позитивна енергија во заедницата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Општина кандидат за ЕУ-фондови“

Создавање специјализирана општинска канцеларија која ќе подготвува и ќе аплицира со проекти директно до европските фондови (за инфраструктура, енергетика, култура, образование).

**Очекуван ефект:** Дополнителни средства во буџетот, нови проекти без дополнителен товар за граѓаните, европеизација на локалниот развој.

**Рок:** 2026.



# ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ПРОЕКТ: Зелена и чиста општина

Ќе се воведе концепт на зелена архитектура, ќе се изградат центри за управување со отпад и ќе се примени моделот на циркуларна економија преку паметно управување со отпадот и материјалите. Дополнително, ќе се воспостави целосен третман на отпадните води.

**Очекуван ефект:** Почиста и поуредена средина, еколошка свест кај граѓаните и унапредување на квалитетот на живот.

**Рок:** 2028

## ПРОЕКТ: Енергетски ефикасна општина

Ќе се воведат субвенции за градење соларни и фотоволтаични панели и ќе се постави 100 % штедливо ЛЕД-јавно осветлување.

**Очекуван ефект:** Намалени трошоци за енергија, одржлив енергетски систем и намалено загадување.

**Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: Регистар на загадувачи

Ќе се изработи регистар на загадувачи со собирање и обработка на релевантни податоци и нивно презентирање пред Советот на Општина Росоман и јавноста.

**Очекуван ефект:** Поголема транспарентност, јасен преглед на загадувачите и основа за преземање мерки за заштита на животната средина.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Заштита на водите

Ќе се врши континуиран мониторинг на изворите за водоснабдување за утврдување на квантитетот и квалитетот на водите.

**Очекуван ефект:** Обезбедување здрава и безбедна вода за пиење и навремено откривање на евентуални ризици.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Заштита на почвите

Ќе се следи дистрибуцијата и концентрацијата на тешки метали во растителните

форми (овошје, грозје, градинарски култури) наменети за исхрана и прехранбената индустрија.

**Очекуван ефект:** Поголема безбедност на храната, заштита на земјоделството и здравјето на граѓаните.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Соработка со бизнис-секторот

Ќе се воспостави подобра соработка со индустриите регистрирани како загадувачи, граѓанскиот сектор и институциите за намалување на загадувањето.

**Очекуван ефект:** Стратешки пристап за чиста средина, заедничка одговорност и намалување на индустриските емисии.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Уредување на канали и употреба на растителни остатоци

Ќе се уредат каналите и ќе се собираат растителни остатоци кои ќе се користат за гориво.

**Очекуван ефект:** Почиста околина, рационално користење на отпадот и намалени трошоци за греење.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Субвенции за органско производство

Општината ќе субвенционира еколошко органско производство на земјоделски производи.

**Очекуван ефект:** Поголема конкурентност на локалните производи, здрава храна и развој на органското земјоделство.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Чистење и контрола на диви депонии

Ќе се спроведува редовно чистење на дивите депонии и ќе се воведе систем на контрола и санкции против неконтролирано фрлање и палење отпад.

**Очекуван ефект:** Почиста средина, намалување на ризик од загадување и повисока одговорност кај граѓаните.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Акции за пошумување

Ќе се организираат акции за пошумување на околината на Општина Росоман, со планирани активности во согласност со расположливите ресурси.

**Очекуван ефект:** Зголемена зелена површина, подобра микроклима и намалување на

последиците од климатските промени.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Чистење на патиштата од вегетација

Ќе се исчистат патиштата во целата општина од дрва и вегетација кои ја попречуваат видливоста и безбедноста.

**Очекуван ефект:** Побезбедно движење, подобрен изглед на патната инфраструктура и намалување на ризик од несреќи.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Зелена и чиста општина"

Воведување систем за одржливо управување со јавниот простор: изградба на мали еко-паркови, поставување контејнери за селекција на отпад и организирање општински „зелени акции". Општината ќе соработува со училиштата и граѓанските здруженија за еколошко образование и практични активности.

**Очекуван ефект:** Почисти и поубави населби, поголема еколошка свест, граѓани активно вклучени во грижата за животната средина.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Центар за управување со отпад"

Изградба на современи центри за селекција и рециклирање на отпад, како и воспоставување мобилни пунктови за собирање отпад од домаќинствата (електронски уреди, пластика, стакло, органски отпад).

**Очекуван ефект:** Намалување на депониите, економска корист од рециклирањето, почиста и поуредна општина.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „Циркуларна економија – втор живот на материјалите"

Формирање општинска програма за повторна употреба на материјали: дрвото, металот, текстилот и пластиката од јавните установи ќе се собираат и повторно ќе се користат. Ќе се промовираат локални работилници за поправка и реупотреба.

**Очекуван ефект:** Рационално користење на ресурси, намалување на отпадот, заштеда на буџетски средства.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Општина со сонце"

Субвенционирање на домаќинства и мали бизниси за поставување соларни колектори и фотоволтаични панели на покривите. Општината ќе обезбеди и јавни објекти со соларна енергија (училишта, градинки, спортски сали).

**Очекуван ефект:** Намалена потрошувачка на струја, енергетска независност, помали трошоци за граѓаните.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: „100 % ЛЕД-јавно осветлување“

Замена на целото јавно осветлување со енергетски ефикасни ЛЕД-светилки, со можност за паметно управување (автоматска регулација според проток на луѓе и возила).

**Очекуван ефект:** Значително намалени трошоци за електрична енергија, подобра видливост и безбедност во населбите, придонес кон зелена енергија.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: „Зелени кровови и фасади“

Субвенции за поставување зелени кровови и вертикални градини на јавни и приватни згради. Општината ќе постави вакви решенија и на сопствени објекти како пример.

**Очекуван ефект:** Намалување на загадувањето, подобрена микроклима, модерна и атрактивна архитектура.

**Рок:** 2028.



# МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

## ПРОЕКТ: Осветлување на Трстеничките стени

Ќе се постави декоративно осветлување на Трстеничките стени.

**Очекуван ефект:** Поголема атрактивност на локалитетот, развој на ноќен туризам и промоција на природните убавини.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Осветлување и уредување на кулата во с. Манастирец

Ќе се изврши осветлување и уредување на кулата во село Манастирец.

**Очекуван ефект:** Зачувување на културното наследство, зголемен број туристички посети и промоција на историската вредност на локалитетот.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Поддршка за селски домаќинства

Ќе се поддржи регистрацијата и промоцијата на селските домаќинства за развој на рурален туризам.

**Очекуван ефект:** Нови можности за локалните семејства, зголемени приходи и збогатување на туристичката понуда.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Уредување на месноста Коњаровец

Ќе се уреди месноста Коњаровец во Росоман како рекреативна и туристичка зона.

**Очекуван ефект:** Ново место за одмор, спорт и туризам, подобрена инфраструктура и зголемен број посетители.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Велосипедска патека Сирково – Камен Дол – Мрзен Ораовец

Ќе се изгради велосипедска патека која ќе ги поврзе овие населени места.

**Очекуван ефект:** Поддршка на здравиот начин на живот, развој на еко-туризам и зголемена атрактивност на регионот.

**Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: Летниковци на туристички локации

Ќе се изградат и постават летниковци на повеќе туристички локации во општината.

**Очекуван ефект:** Подобрени услови за одмор и престој на посетителите и збогатување на туристичката понуда.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Е-мапа на Росоман

Ќе се креира туристичка мобилна апликација – Е-мапа на Општина Росоман.

**Очекуван ефект:** Лесна достапност до информации за туристичките локации, културното наследство и угостителските капацитети.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Промоција на локален туризам

Ќе се спроведуваат активности за промоција и поддршка на локалниот туризам.

**Очекуван ефект:** Зголемена препознатливост на Росоман како туристичка дестинација и поголем број домашни и странски посетители.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Музеј на Општина Росоман

Ќе се изгради и опреми музеј на општината со цел зачувување и промоција на културното наследство.

**Очекуван ефект:** Зачувување на историјата, зголемена туристичка привлечност и едукативни содржини за младите.

**Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: Туристички инфо-центар

Ќе се основа туристички инфо-центар со обучен општински туристички водич кој ќе ги информира посетителите за туристичките понуди, сместувањето и гастрономијата.

**Очекуван ефект:** Подобро информирање на туристите, зголемена атрактивност и развој на туризмот.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Табли и патокази за туристички локации

Ќе се поставуваат табли и патокази за означување на природни реткости и историски знаменитости.

**Очекуван ефект:** Подобра ориентација на посетителите, развој на културен и природен туризам.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Рурален туризам со европски фондови

Ќе се развива руралниот туризам преку користење на европските фондови и програмата ИПАРД.

**Очекуван ефект:** Зголемени инвестиции во селските средини, нови работни места и одржлив развој на туризмот.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Општинско туристичко биро – добредојдовте во мојата општина“

Формирање локално туристичко биро кое ќе нуди информации за сите туристички атракции, сместувања, ресторани и културни настани. Бирото ќе работи и како контакт-точка за домашни и странски туристи.

**Очекуван ефект:** Подобра промоција на општината, зголемен број туристи, нови можности за локалните бизниси.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: „Е-мап – туристичка апликација“

Развој на мобилна апликација со интерактивна мапа на туристички атракции: културни споменици, природни убавини, ресторани, хотели, локални производи. Апликацијата ќе има можност за виртуелни тури и повеќејазична поддршка.

**Очекуван ефект:** Дигитална достапност на туристичките содржини, полесно планирање на посети, подобро искуство за туристите.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „Локална гастрономска рута“

Креирање гастрономски патеки кои ќе ги поврзуваат локалните ресторани, винари и производители на традиционална храна. Општината ќе организира „Денови на локална кујна“ и ќе ги промовира преку медиуми и социјални мрежи.

**Очекуван ефект:** Зајакнување на угостителството, развој на гастро-туризмот, економски бенефит за локалните производители.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Фестивал на културата и традицијата“

Годишен фестивал кој ќе ги обедини локалните културни друштва, музичари, уметници и занаетчии. Настанот ќе биде и туристичка атракција, промовирајќи ја културната разноликост и традициите на општината.

**Очекуван ефект:** Развој на културниот туризам, заживување на локалната сцена, промоција на општината како културна дестинација.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Еко-туризам – патеки и авантури“

Означување и уредување на планинарски и велосипедски патеки, изградба на видиковци и информативни табли за природните убавини. Ќе се развијат програми за

водичи и туристички аранжмани со акцент на авантуристичкиот туризам.

**Очекуван ефект:** Зголемен број посетители, развој на активниот туризам, зачувување на природата.

**Рок:** 2027.

## ➤ ПРОЕКТ: „Туристичка платформа – мојата општина онлајн“

Создавање веб-портал со интегрирани информации за туристички услуги, настани и можности за резервација. Платформата ќе биде поврзана со социјални мрежи и меѓународни туристички канали.

**Очекуван ефект:** Дигитална промоција на општината, поголема видливост на меѓународно ниво, зголемени приходи од туризам.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: „Сместување во семејни домаќинства“

Општината ќе поддржува семејства кои сакаат да развијат мал туристички бизнис преку адаптација на сопствени домови за издавање соби или апартмани. Ќе се обезбедат субвенции и едукативни програми.

**Очекуван ефект:** Дополнителни приходи за семејствата, зголемување на сместувачките капацитети, поттикнување на семеен туризам.

**Рок:** континуирано.



# СПОРТ И КУЛТУРА

## ПРОЕКТ: Модерна спортска инфраструктура

Ќе се реконструираат постоечките спортски објекти и ќе се изградат нови терени за различни спортови.

**Очекуван ефект:** Подобри услови за спортување на младите, развој на спортскиот дух и промоција на здрав живот.

**Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: Осветлување на спортските терени

Ќе се постави осветлување на сите постоечки спортски терени за вечерно рекреативно спортување и забавни активности.

**Очекуван ефект:** Подолга употреба на спортските објекти, поголема вклученост на граѓаните и нови можности за организирање активности.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Поддршка на фудбалските клубови и училишниот спорт

Ќе се обезбеди финансиска и логистичка поддршка на локалните фудбалски клубови и ќе се вложува во унапредување на училишниот спорт.

**Очекуван ефект:** Подобри услови за тренинг и натпреварување, поттик за младите да спортуваат и афирмација на спортските таленти.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Поддршка на културни настани и друштва

Ќе се поддржуваат културните настани, манифестации и локалните културни друштва за зачувување и развој на културното наследство.

**Очекуван ефект:** Зачувување на традицијата, збогатување на културниот живот и промоција на локалниот идентитет.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Реконструкција на стадионот на ФК „Росоман 83“

Ќе се изврши реконструкција на стадионот, ќе се покрие трибината и ќе се уреди просторот околу него.

**Очекуван ефект:** Модернизација на спортскиот објект, поголема безбедност и подобри услови за гледачи и спортисти.

**Рок:** 2027

## ПРОЕКТ: Опремување и одржување на спортските терени

Ќе се опремат и редовно ќе се одржуваат отворените спортски терени и повеќенаменските игралишта.

**Очекуван ефект:** Подолга трајност на терените, зголемена безбедност и подобрени услови за спорт и рекреација.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Субвенции за талентирани спортисти

Ќе се воведат поттикнувачки мерки и субвенции за индивидуални и талентирани спортисти од општината.

**Очекуван ефект:** Поддршка на младите таленти, развој на спортски кариери и афирмација на Росоман преку спортот.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Спортски турнири

Ќе се организираат турнири во фудбал, кошарка и други спортови.

**Очекуван ефект:** Афирмација на спортската култура, зајакнување на заедништвото и создавање нови традиции во спортот.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Божиќно село – новогодишен базар

Ќе се организира новогодишен базар во центарот на Росоман под наслов „Божиќно село".

**Очекуван ефект:** Развој на туристичката понуда, збогатување на празничната атмосфера и поттикнување на локалната економија.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Росоманско културно лето

Ќе се организираат културни настани од различни области во текот на летниот период.

**Очекуван ефект:** Збогатување на културниот живот, привлекување посетители и афирмација на локалните уметници.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Општинска библиотека

Ќе се оформи и опреми општинска библиотека, достапна за сите жители.

**Очекуван ефект:** Поттикнување на читачките навики, образовна поддршка и развој на културното ниво во општината.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: Книжевни и литературни конкурси

Ќе се организираат книжевни конкурси и ќе се поддржува објавување дела од автори од Росоман.

**Очекуван ефект:** Афирмација на локалните автори, поттик за младите писатели и развој на литературата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Ликовна колонија

Ќе се организира првата ликовна колонија во Росоман со учесници од земјата и регионот.

**Очекуван ефект:** Збогатување на културната сцена, размена на искуства и промоција на уметноста.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: Манифестација „Духовден"

Ќе се организира меѓународна културна манифестација „Духовден", која повторно ќе стане белег на општината.

**Очекуван ефект:** Афирмација на традицијата и културното наследство, зголемена видливост на општината и градење локален идентитет.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Спортска сала за секој ученик"

Реконструкција на постоечките и изградба на нови спортски сали во сите основни и средни училишта. Салите ќе бидат мултифункционални за кошарка, одбојка, ракомет и футсал, со современа опрема и соблекувални.

**Очекуван ефект:** Подобрени услови за училишен спорт, развој на младински спортски клубови, промоција на здрави навики.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „Терен во секое населено место"

Изградба на мултифункционални спортски игралишта во секое рурално населено место – за фудбал, кошарка, одбојка. Ќе се обезбеди осветлување и трибини.

**Очекуван ефект:** Поголема вклученост на младите од руралните средини во спорт, спречување на миграција, зајакнување на локалната заедница.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Фонд за локални спортски клубови"

Формирање општински фонд кој ќе доделува грантови за поддршка на локалните клубови (опрема, патувања, тренинзи). Средствата ќе се распределуваат транспарент-

но преку јавни повици.

**Очекуван ефект:** Финансиска стабилност на клубовите, развој на талентирани спортисти, подобрување на резултатите.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: „Културен календар на мојата општина“

Воспоставување годишен календар на културни настани: концерти, фестивали, изложби, книжевни вечери. Општината ќе ги поддржува локалните културни друштва и уметници.

**Очекуван ефект:** Збогатување на културниот живот, привлечност за туристи, зачувување на традицијата.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: „Едукативни центри за култура“

Отворање општински културни центри каде што младите ќе имаат можност за учење музика, сликарство, театар и фотографија. Центрите ќе нудат работилници и за возрасни (занаетчиство, литература, дигитална култура).

**Очекуван ефект:** Подигнување на креативноста, промоција на културата како дел од секојдневниот живот, нови можности за талентирани граѓани.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: „Заштита и промоција на културното наследство“

Општината ќе инвестира во заштита и промоција на локалните историски споменици, традиционални куќи и обичаи. Ќе се создаде дигитален каталог со информации и фотографии, достапен за туристи.

**Очекуван ефект:** Зачувување на културното наследство, промоција на општината како културна дестинација, економски бенефит преку културен туризам.

**Рок:** 2027.

## ➤ ПРОЕКТ: „Фестивал на млади уметници“

Годишен фестивал за промоција на млади таленти од општината – музичари, сликари, писатели. Настанот ќе биде во соработка со училиштата и локалните здруженија.

**Очекуван ефект:** Поттикнување на младите да се изразуваат креативно, развој на културна сцена, подобрување на имиџот на општината.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: „Урбана арт-галерија на отворено“

Општината ќе одвои јавни површини и ѕидови за уметнички графити и мурали, создадени од млади уметници. Ќе се организираат годишни конкурси и фестивали на

улична уметност со учество на домашни и странски автори.

**Очекуван ефект:** Разубавување на градскиот простор, промоција на младинска креативност, развој на урбана културна сцена и туристичка атракција.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Креативен младински центар“

Отворање современ центар за младински уметнички израз – простор за музички бендови, танцови студија, фотографија, дигитална уметност и видео-продукција. Центарот ќе биде поддржан од општината, но воден од младите преку младински совети.

**Очекуван ефект:** Креативна самореализација на младите, намалување на нивното иселување, создавање нови генерации уметници и културни активисти.

**Рок:** 2026.



# МЛАДИ

## ПРОЕКТ: Локален младински совет

Ќе се формира Локален младински совет како официјално советодавно тело на Општина Росоман, преку кое младите ќе добијат институционализиран глас и ќе учествуваат во процесот на одлучување.

**Очекуван ефект:** Вклучување на младите во креирањето политики, зголемена транспарентност и создавање генерациски мост меѓу младите и институциите.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Младински центар

Ќе се отвори младински центар како современ простор за младите, кој ќе обезбеди институционална поддршка и ќе биде средиште на младинскиот живот. Во него младите ќе можат да ја развиваат својата креативност, знаење и иницијативи во конкретни проекти.

**Очекуван ефект:** Подобра интеграција на младите во заедницата, поттикнување на нивната активност и создавање нови идеи за развој на Росоман.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Мултифункционално игралиште

Ќе се изгради современ спортски комплекс кој ќе овозможи тренинзи, натпревари и рекреација за младите и спортските клубови. Игралиштето ќе биде и место за собирање и заедништво, каде што младите ќе ја градат спортската култура и духот на заедницата.

**Очекуван ефект:** Поддршка за спортот и здравиот развој на младите, зголемена социјализација и афирмација на Росоман како општина на спортски дух и младинска енергија.

**Рок:** 2027



# СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ➤ ПРОЕКТ: Функционален систем за социјална заштита

Ќе се воспостави функционален систем за социјална заштита кој ќе обезбеди навремена поддршка на ранливите категории граѓани.

**Очекуван ефект:** Поголема сигурност, социјална вклученост и помош за сите кои се во социјален ризик.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: Лабораторија во соработка со Општа болница Кавадарци

Ќе се отвори лабораторија во Росоман во партнерство со Општа болница Кавадарци.

**Очекуван ефект:** Полесен и побрз пристап до здравствени услуги за граѓаните и подобрена здравствена заштита.

**Рок:** 2026

## ➤ ПРОЕКТ: Дневен престој за стари и изнемоштени лица

Ќе се обезбеди простор за дневен престој на старите и изнемоштените лица.

**Очекуван ефект:** Подобрен квалитет на живот, социјализација и зголемена грижа за оваа категорија граѓани.

**Рок:** 2026

## ➤ ПРОЕКТ: Грижа за стари и немоќни лица

Ќе се зголеми опфатот за грижа на стари и немоќни лица преку сервисни услуги и теренска поддршка.

**Очекуван ефект:** Поголема безбедност и достоинствен живот за старите лица.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: Општинско корисна работа (UNDP)

Ќе продолжи и ќе се зголеми проектот за општинско корисна работа во соработка со UNDP.

**Очекуван ефект:** Активирање на невработени лица, подобрување на јавните услуги и корист за заедницата.

**Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: Приватно-јавно партнерство за грижа на стари лица

По принципот на јавно-приватно партнерство ќе се обезбеди инвеститор за згрижување на стари и изнемоштени лица за време додека нивните семејства се зафатени со работни обврски.

**Очекуван ефект:** Поголема достапност до услуги за стари лица и подобра социјална заштита.

**Рок:** 2027

### ПРОЕКТ: Вклучување на лица со посебни потреби во општински институции

Ќе се интегрираат лица со посебни потреби во институциите на општината.

**Очекуван ефект:** Социјална инклузија, намалување на дискриминацијата и активно учество во јавниот живот.

**Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: Училишен прибор за социјално загрозени семејства

Општината ќе обезбеди училишен прибор за децата од основно и средно образование на најзагрозените семејства.

**Очекуван ефект:** Финансиска поддршка за семејствата и еднаков пристап до образование за сите деца.

**Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: Еднократна помош за погодени од елементарни катастрофи

Ќе се обезбедува еднократна парична помош за семејствата погодени од елементарни катастрофи. Средствата ќе бидат од буџетот на општината.

**Очекуван ефект:** Брза и ефикасна поддршка при катастрофи и намалување на последиците врз граѓаните.

**Рок:** континуирано.

### ПРОЕКТ: Канцеларија за пензионерите

Ќе се обезбеди канцеларија за пензионерите како простор за дружење, активности и секојдневно функционирање.

**Очекуван ефект:** Подобра социјализација, активен живот и зголемена грижа за пензионерите.

**Рок:** 2026

### ПРОЕКТ: „Моја општина – социјален сервис“

Формирање општинска служба за поддршка на ранливи категории граѓани: едно-

шалтерски систем за информации за права, документи и услуги. Ќе се воспостави и телефонска линија за пријава на социјални проблеми.

**Очекуван ефект:** Полесен пристап до права и услуги, намалување на бирократијата, поголема доверба во институциите.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: „Дневен центар за лица со попреченост"

Општината ќе отвори дневни центри за лица со попреченост каде што ќе добиваат стручна поддршка, образовни и креативни активности, како и логопедска и физиотерапевтска услуга.

**Очекуван ефект:** Подобрен квалитет на живот, интеграција во заедницата, поддршка и олеснување за нивните семејства.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: „Здравствен пункт во секоја населба"

Отворање мали здравствени пунктови во руралните средини со присуство на медицински тим еднаш или двапати неделно. Ќе се врши превентивна контрола, вакцинации и основни прегледи.

**Очекуван ефект:** Пристап до здравствена услуга за сите граѓани, рано откривање на болести, намалување на здравствените нееднаквости.

**Рок:** 2026.

## ➤ ПРОЕКТ: „Мобилен тим за социјална помош"

Формирање мобилни екипи составени од социјални работници и здравствени асистенти кои ќе ги посетуваат старите и болни лица во нивните домови, особено во руралните средини.

**Очекуван ефект:** Лична грижа за оние што не можат да дојдат до институциите, подобра социјална сигурност, хумано лице на општината.

**Рок:** континуирано.

## ➤ ПРОЕКТ: „Општина без бариери"

Адаптација на јавните објекти и установи со пристапни рампи, лифтови и тактилни патеки за лица со инвалидитет.

**Очекуван ефект:** Поголема инклузија на лицата со попреченост, еднакви можности за сите граѓани.

**Рок:** 2027.

## ➤ ПРОЕКТ: „Општински програми за ментално здравје"

Отворање советувалишта со психолози и психотерапевти, програми за поддршка на

младите, жени жртви на семејно насилство и лица во социјален ризик.

**Очекуван ефект:** Подобрено ментално здравје, намалување на насилството, зголемена социјална поддршка.

**Рок:** континуирано.

# ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

## ПРОЕКТ: Реконструкција на чешмата во с. Мрзен

Ќе се реконструира чешмата во село Мрзен и ќе се уреди просторот околу неа.

**Очекуван ефект:** Подобрен јавен простор и зачувување на традицијата.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Пренамена на изградениот пазар

Ќе се изврши функционална пренамена на изградениот пазар на регионалниот пат Градско – Прилеп.

**Очекуван ефект:** Подобра искористеност на просторот и корист за граѓаните и бизнис-секторот.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Субвенции за велосипеди

Ќе се доделуваат субвенции за набавка на велосипеди.

**Очекуван ефект:** Поттикнување на здрави навики, намалување на загадувањето и промоција на алтернативен транспорт.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Бесплатни екскурзии за пензионери

Ќе се организираат бесплатни екскурзии за пензионерите од Општина Росоман.

**Очекуван ефект:** Социјализација, подобрување на квалитетот на животот и поголема грижа за повозрасната популација.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Реконструкција на долната улица во Трстеник

Ќе се реконструира долната улица од пред црквата до крајот на самата улица во село Трстеник.

**Очекуван ефект:** Подобрен пристап, побезбедно движење и уреденост на населеното место.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Парк на влезот во Трстеник

Ќе се изгради парк со дрвца, клупи и патеки на влезот на селото.

**Очекуван ефект:** Ново место за рекреација и дружење на жителите, зголемена естетска вредност на селото.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Игралиште во Трстеник

Ќе се изгради соблекувална и ќе се постави трибина на игралиштето во село Трстеник.
**Очекуван ефект:** Подобри услови за спорт и развој на спортски активности во локалната заедница.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Нова ограда за училиштето во Трстеник

Ќе се постави нова ограда околу училиштето во село Трстеник.
**Очекуван ефект:** Зголемена безбедност на учениците и уреден изглед на образовната институција.

**Рок:** 2025

## ПРОЕКТ: Уредување на главната улица во Трстеник

Ќе се уреди главната улица во селото со тревници покрај тротоарите.
**Очекуван ефект:** Поубав и поуреден јавен простор и подобрени услови за пешачење.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Заградување на базенот за вода во Трстеник

Ќе се загради базенот за вода за пиење.

**Очекуван ефект:** Подобра заштита на водоснабдувањето и спречување на загадување.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Заградување и одржување на гробиштата во Трстеник

Ќе се заградат и редовно ќе се одржуваат гробиштата во село Трстеник преку ЈКПД.

**Очекуван ефект:** Достоинствено место за последен починок и редовно одржување на јавниот простор.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Чистење на патиштата кон Трстеник

Ќе се врши почесто чистење и мулчирање на двата патишта кои водат до село Трстеник.

**Очекуван ефект:** Подобрен пристап и побезбедно движење на жителите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Канализација и атмосферски води во Сирково

Ќе се изработи проектна документација за канализација и атмосферски води за горниот дел на Сирковска Река.
**Очекуван ефект:** Решавање на проблемите со отпадните и атмосферските води и заштита на животната средина.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Реконструкција на пензионерскиот дом во Сирково

Ќе се обнови постоечкиот пензионерски дом во село Сирково.

**Очекуван ефект:** Подобри услови за престој и социјализација на пензионерите.

**Рок:** 2026

## ПРОЕКТ: Културни манифестации во Сирково

Ќе се организираат културни манифестации во село Сирково.

**Очекуван ефект:** Афирмација на културата, збогатување на локалниот живот и зајакнување на заедништвото.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: Подобрување на хигиената во Сирково

Ќе се спроведат активности за подобрување на јавната хигиена во село Сирково.

**Очекуван ефект:** Почиста животна средина и подобрен квалитет на животот.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Уредена улица – убава општина“

Граѓаните бараат уредување на локалните улици, тротоари и јавни површини. Проектот предвидува реконструкција на дотраени патишта, поставување нови тротоари со пристап за лица со попреченост, обележување на пешачки премини и поставување ново енергетски ефикасно улично осветлување. Дополнително, ќе се воведе систем за редовно одржување на улиците за да не се дозволи повторно нивно пропаѓање.

**Очекуван ефект:** Безбедно движење за сите граѓани, урбана средина која потсетува на европски стандарди, поголема гордост на жителите за нивната општина.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Зелена општина“

Граѓаните предлагаат општината да вложува повеќе во озеленување и уредување на јавни површини. Проектот вклучува засадување нови дрвореди по улиците, реконструкција на постоечките паркови и изградба на нови зелени оази во урбаните населби. Ќе се постават клупи, жардинери и фонтани, а дел од парковите ќе бидат опремени и со фитнес-зони на отворено.

**Очекуван ефект:** Почист воздух, поубава и поздрава средина за живеење, поголемо користење на јавните простори од страна на младите и семејствата.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Игралиште за секоја населба“

Многу родители бараат општината да инвестира во нови и модерни детски игралишта. Проектот предвидува изградба на најмалку едно игралиште во секоја населба, со современа опрема, безбедносни подлоги, огради и осветлување. Игралиштата ќе бидат простор и за социјализација на децата и за дружење на родителите.

**Очекуван ефект:** Здрава и безбедна забава за децата, подобри услови за нивно физичко и психосоцијално развивање, задоволни родители и заедници.

**Рок:** 2026.

## ПРОЕКТ: „Чиста општина – моја гордост“

Граѓаните укажуваат дека чистотата и управувањето со отпад е еден од најважните предизвици. Проектот ќе вклучи поставување нови контејнери за селекција на отпад (пластика, стакло, хартија), воведување редовен распоред за собирање смет, како и организирање заеднички акции за чистење со учество на ученици, спортски клубови и здруженија.

**Очекуван ефект:** Почиста и поуредна општина, зголемена еколошка свест кај граѓаните, подобрена животна средина за сите.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Безбедна општина“

Граѓаните често бараат подобра безбедност на јавните места. Проектот предвидува поставување видео-надзор на клучни локации (плоштади, училишта, паркови), замена на старото осветлување со ЛЕД-светилки и подобрување на пешачките премини со дополнителна сигнализација. Ќе се работи и на подобра координација со локалната полиција за превенција на сообраќајни несреќи и вандализам.

**Очекуван ефект:** Поголема сигурност за децата и возрасните, намалување на криминалот и вандализмот, создавање чувство на безбедна заедница.

**Рок:** 2027.

## ПРОЕКТ: „Културен мозаик“

Граѓаните сакаат повеќе културни содржини достапни за сите. Проектот подразбира организација на летни концерти, театри на отворено, уметнички изложби и книжевни вечери во локалните културни домови или јавни простори. Општината ќе отвори и конкурси за поддршка на млади уметници и културни здруженија.

**Очекуван ефект:** Побогат културен живот, поголема вклученост на младите во културата, развој на општината како културна дестинација.

**Рок:** континуирано.

## ПРОЕКТ: „Спорт за сите“

Граѓаните предлагаат општината да организира редовни спортски турнири (фудбал, кошарка, одбојка) и бесплатни рекреативни активности за сите генерации – од фитнес-часови во паркови, до планинарски акции и велосипедски тури.

**Очекуван ефект:** Промоција на здрав живот, подобрување на заедништвото, развој на спортската култура.

**Рок:** континуирано.

ВМРО-ДПМНЕ